ОПШТИНА Ј Е Г У Н О В Ц Е

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ 2025 ГОДИНА

- технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишта и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска подршка на културните установи и проекти;

Образование, основање, финансирање и администр

1. ВОВЕД

Општи информации

2..БУЏЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

2.1 *Општи информации*

Општина Јегуновце брои 8895 жители, со површина околу 180 км^2 и 18 населени места.

- Планираниот Буџетот во 2025 год. на Општина Јегуновце изнесува 250.087.593 ден. во делот на приходите и тоа: 114.642.711 денари основен буџет, самофинансирачки активности 1.925.000 ден. наменски дотации 128.256.106 ден, донации 5.263.776 денари.

Остварени приходи во основниот буџет 98.215.030 ден. или остварување околу 86% , (со дефицит 741114 -260.326 денари) дотации приходи во износ од 127.869.356 ден. остварување 100 %(дефицит 595.820 денари)самофинансирачки активности 1.404.588 ден. остварување 73%(дефицит 30.860 ден.)донации 5.129.813 остварување 97%, или процент на остварување за вкупен буџет на Општина Јегуновце околу 93% односно реализација на вкупни приходи износ 232.618.787 ден,(суфицит 271.047 ден).
Приходи на сметка 789 односно 731014098378946- Општина Јегуновце -сметка за солидарност(средства добиени од Министерство за финансии) износ на средства 913.982 денари.
Приходи на сметка 785 односно 731014098378594- Општина Јегуновце -сметка набавка на трактор (средства добиени од УНДП) износ на средства 1.070.000 денари,
Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 г.беше донесен 24,12,2024 г. 08-2482/4 , ребаланс 08-1313/5 од 17,06,2025 година и втор ребаланс 08-1479/5 од 14,07,2025 година, трет 08-2374/5 од 07,11,2025 година,
Донесени Одлуки за пренамена и проширување на средства во буџетот на општината бр.08-2605/3 од 09,12,2025 година , 08-2632/3 од 11.12.2025 година,

Општина Јегуновце е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку претставници во органите на општината и со непосредно учество на граѓаните во одлучувањето, на начин и постапка утврдени со закон.

Општината е правно лице со седиште во населеното место Јегуновце.

Надлежност

Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува иврши работи од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на трирање на основни училишта, во соработка со централната власт;
- Детски градинки ,финансирање,администрирање,во соработка со централната власт.
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

Организација и програми

Општина Јегуновце има три одделенија од кои во функција се трите одделенијаи тоа: одделение за правни и општи работи и јавни дејност(извршители 11), одделение за финансиски прашања (6 извршители) одделение урбанизам комунални работи, заштита на животната средина, патишта и улици и ЛЕР (2 извршители).

Вработени по договор за привремени вработувања преку агенција за вработување 6 извршители.

Органи на општината се:

- Советот и
- Градоначалникот

Совет:

Советот на Општината е претставнички орган на граѓаните.

Советот на Општината го сочинуваат 15 претставници (во 2025 г)на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае четири години.

Советот ги врши следните работи:

- Го донесува статутот на општината и други прописи;
- Донесува буџет на општината и годишна сметка на општина
- Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, во рамките утврдени со закон
- Ги усвојува извршtаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
- Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;

- Врши и други работи утврдени со закон.

Седниците на советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш во три месеци, на барање на градоначалникот или на барање на најмалку 1/4 од членовите на советот. Советот може да работи ако на седниците присутвуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот. Седниците на советот се јавни.

Членовите на советот имаат право на надоместок за присуство на седници .

Претседателот на советот се избира од редот на членовите на советот, со мандат од четири години. За претседател на советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

Градоначалник

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од четири години.

Градоначалникот ги врши следните работи:

- Ја претставува и застапува општината;
- Ја контролира законитоста на прописите на советот;
- Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
- Обезбедува правилни и законито користење, одржување и заштитан а сопственоста на општината;
- Го обезбедува извршувањето на работите кои што со закон и се делегирани на општината;
- Избира директори на јавните служби кои се основани на општината, врз основа на јавен конкурс

-Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;

Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените;

-

- Врши други работи утврдени со закон и со статут.
- Покрај редовните сметки (буџетска сметка, сметка на орган на општина Јегуновце, дотаации,самофинансирачки активности и сметка на донации) општината има отворено и наменски сметки кои на крајот на годината располагаат со соодветно салдо.

- Наменска сметка за солидарност до 31.12.2025 г.износ од 913.982 денари(Средства од министерство за финансии)

-Наменска сметка ЈП за државни патишта до 31.12.2025г.износ од 0,00 денари.

-Наменска сметка Општина Јегуновце проект реконструкција на лок. пат Туденце-Сиричино до 31.12.2025 г. износ од 0 денари. (Средства од мин. за транспорт и врски префрлени на буџет и реализирани)

-Наменска сметка- Општина Јегуновце проект реконструкција на општински пат 1 и 2 во село Жилче до 31.12.2025 г. износ од 0 денари. (Средства од министерство за транспорт и врски реализирани преку буџетска сметка)

-Наменска сметка-Општина Јегуновце изградба на улица н.м Јегуновце до 31.12.2025 г износ од 0 денари.(стредствата се добиени од мин. за транспорт и врски)

- Наменска сметка-Општина Јегуновце реконструкција и рехабилитација на општински пат во с. Јажинце о.Јегуновце до 31.12.2025 г износ од 0 денари.(стредствата се добиени од Мин. за транспорт и врски)

-Наменска сметка-Општина Јегуновце изградба на општински пат 1 во село Јанчиште до 31.12.2025 г износ од 0 денари.(стредствата се добиени од Мин. за транспорт и врски).

-Наменска сметка-Општина Јегуновце набавка на трактор и приклучна механизација за зголемена чистота на јавните површини до 31.12.2025 г износ од 1.070.000 денари.(стредствата се добиени од УНДП.

-Наменска сметки само се отворени средствата се обезбедени , во 2026 година ќе се врши реализација на приходите и на расходите.

-Наменска сметка општина Јегуновце изградба на општински пат за с. Ратае

-Наменска сметка општина Јегуновце изградба на улица во с.Беловиште

-Наменска сметка општина Јегуновце изградба на дел од фекална канализација во с. Ратае од с9-252

-Наменска сметка општина Јегуновце изградба на општински пат во с. Сиричино

-Наменска сметка општина Јегуновце реконструкција на општински пат во с. Орашје

-Наменска сметка општина Јегуновце изградба на општински пат во с. Раотинце

-Наменска сметка општина Јегуновце изградба на општински пат во с. Рогачево

-Наменска сметка општина Јегуновце реконструкција на ул 9а, 9б и 9 во с. Јегуновце

-Наменска сметка општина Јегуновце реконструкција на улица во с. Вратница

-Наменска сметка општина Јегуновце изградба на улица во с. Рогачево

-Наменска сметка општина Јегуновце изградба на улица во с.Жилче

-Наменска сметка општина Јегуновце изградба на улица во с.Јанчиште

-Наменска сметка општина Јегуновце изградба на улица во с.Копанце

-Наменска сметка општина Јегуновце изградба на улица во с.Туденце

-Наменска сметка општина Јегуновце изградба на улица во с.Шемшево

- Учество во вкупните приходи по одделни сметки е следно
- Сметка на основен буџет во вкупните приходи со 45,8%,
- Сметка на блок дотации во вкупните приходи 51,3%.
- Сметка на донации во вкупните приходи 2,1%.
- Сметка самофинансирачки активности учество во вкупните приходи 0,8%

2.2 БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

2.2.1.БИЛАНС НА ПРИХОДИ

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ 2025 ГОДИНА

Имено Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа јасно ги дефинира изворите на приходи од кои се финансира работењето на локалната самоуправа.

Планирани и реализирани извори на приходи од кои се финасираа програмите на расходи на Општината Јегуновце за 2025 год. се од:

1. Даночни приходи
2. Неданочни приходи
3. Капитални приходи
4. Трансфери и донации

Реализацијата наспроти планирањето на изворните приходи е како што следи:

Даночни приходи

Даночните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следните основи:

- 711- Данок од доход од добивка и кап.добвки
- 713-Данок на имот,
- 713211-Данок на наследство и подарок,
- 713311-Данок на промет на недвижности,
- 717-Комунални даноци
- 718-Такси за користење и дозволи за вршење дејносст

Согласно со одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и поодделните законски и подзаконски прописи (Закон за даноците на имот, Закон за комуналните такси, ...) се остваруваат даночните приходи по основ на:

- Персонален данок од доход кој опфаќа даноци од плати од лица вработени кај буџетски корисници, трговски друштва, јавни претпријатија, данок на плати остварени во странство, како и данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност;
- Данок на имот кој опфаќа данок на имот, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности;
- Даноци на специфични услуги кои опфаќаат комунални такси за истакнати форми, такси од регистрација на моторни возила, такса за јавно улично осветлување, такса за користење на просторот пред деловни простории, надомест за комунално уредување на градежно земјиште и други комунални такси и надоместоци;

Неданочни приходи

Неданочните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следните основи:

- Такси и надоместоци
- Административни такси надоместоци
- Други неданочни приходи
- Општината Јегуновце остварува неданочни приходи по основ на
- Такси и надоместоци што опфаќаат наплата на административни такси
- закупнина од објекти (други неданочни приходи

Капитални приходи

Капиталните приходи се остварени по основ на нематеријални вложувања на ставка 733 во билансот на приходи како надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини по основ на простори минерални суровиникој е составен дел на завршната сметка.

Во општина Јегуновце од овој вид на приходи реализирани се;за надоместок за концесии експлоатација по основ на простор 698.085 денари, ден,надоместок за концесии за експлоатација по основ на минерална суровина 3.599.357 ден,надоместок за утврдување на правен статус за бесправно изграден објект 138.958 денари

Трансфери и донации.

Трансферите од др. нивоа на власт се остварени по основ на ДДВ 33.629.202 денари , трансфер на наменски средства од сметка за од Министерство за финансии 913.982 денари, трансфер на наменски средства за набавка на трактор обезбедени од УНДП 1.070.000 денари.

Реализацијата наспроти планирањето на приходи во основен буџет и вкупен буџет е како што следи:

:

Приход	План	Реализација
Даночни приходи	36,253,840	30,057,950
Неданочни приходи	1.160,000	799,327
Капитални приходи	5,350,000	5,066,739
Трансфери и донации	71,878,871	62,291,014
Вкупно:	114,642,711	98,215,030

Дефицит 260,326 741114

Приход	План	Реализација
Даночни приходи	36,253,840	30,057,950
Неданочни приходи	2,925,200	2,173,055
Капитални приходи	5,350,000	5,066,739
Трансфери и донации	205,558,553	195,321,043
Вкупно:	250,087,593	232,618,787

2.2.2.1. Тековни -оперативни расходи

Плати, наемнини и надоместоци

Средствата за плати, наемнини и надоместоци се остварени /извршени во Буџетот на Општина Јегуновце , согласно одредбите од Законот за буџетите и другите законски и подзаконски прописи од областа на платите (Закон за исплата на платите ., Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието и другите избрани и именувани лица во Републиката, Закон за државните службеници, Закон за работните односи, итн.) и тоа по следните основи:

-Плати и надоместоци(основен буџет)

- Други надоместоци
- Придонеси од плати и надоместоци

-Резерви и недефинирани расходи

Согласно одредбите од Законот за буџетите /Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Одлуката за извршување на буџетот на општината и тоа по основ на тековни резерви,за оваа намена во 2025 година се извршени износ од 100,000 денари расходи,

Стоки и други услуги

Оваа позиција е проценета во висина на остварените/извршените износи во Буџетот на ОпштинатаЈегуновце, и тоа по следните основи:
патни и дневни расходи, кои опфаќаат: . патни расходи, сместување и споредните расходи за време на службен пат во земјата и странство;

- комунални услуги, кои опфаќаат: струја, вода и канализација и други комунални услуги;
- расходи за затоплување, кои опфаќаат набавка на течни горива за затоплување;
- расходи за комуникација и транспорт кои опфаќаат: пошта, телефон и телефакс, горива и мазива, гуми внатрешни и надворешни и резервните делови;

- материјали, кои опфаќаат расходи за канцелариски материјали, ,списанија, весници и други изданија, копирање, печатење и издавање ленти, касети и друго за АОП, средства за одржување на хигиена, алати

-ситен инвентар, пијалоци, други прехрамбени продукти, и други материјали;
- тековно одржување, кои опфаќаат: расходи за сервисирање на леки коли и други возила, расходи за извршени тековни поправки на капитални средства (основи средства), зградите, опремата, патиштата и другите видови капитални
-
- средства (поголемите поправки кои преставуваат расход за инвестиционо одржување не се искажуваат на ова конто);
- договорни услуги, кои опфаќаат: расходи за правни адвокатски ,нотарски и други правни услуги, надомест за платен промет и банкарска провизија, осигурување на моторни возила, членарини во домашни организации и други договорни услуги со договор на дело.
- други оперативни расходи, кои опфаќаат: репрезентација, расходи за чланарина на ЗЕЛС,расходи за објавување на огласи и соопштенија во
- јавни медиуми, расходи за меѓународни спортски натпревари и други оперативни расходи.

Субвенции и трансфери

Субвенции и трансфери се остварени/извршени во општината , по основ на тековни трансфери, кои опфаќаат:

- трансфери до невладини организации кои опфаќаат: плаќања до хуманитарни организации, трансфери до спортски клубови и до други непрофитни организации социјални трансфери, трансфери при пензионирање на вработени и др. трансфери и субвенции до ОЈП Јегуновце,

2.2.2.2.**Капитални расходи**

Купување на капитални средства (на ставки 480,482 и 483 (во билансот на расходи составен дел на завршна сметка)

Капиталните расходи се наменети за набавка на постојни средства и за истите се остварени/извршени средства од Буџетот на Општина Јегуновце , и тоа по следните основи:

- канцелариска опрема што опфаќа средства за: купување на информатичка опрема и др. опрема
- припрема на проекти што опфаќа средства за: финансирање на расходите за изработка на студии и елаборати, мапи, техничка документација и дизајнирање договарања, неопходни за припрема на инвестиционите проекти и разни други студии и истражувања;
- градежни објекти канализации, водоводи, улици со поставување на бехатон, улици ..

Реализација на расходи на вкупниот буџет на Општина Јегуновце

	Расход	План	Реализација
40	Плати,наемини и надоместоци варботените	134,146,500	133,452,117
41	Резерви и недефинирани расходи	370,000	100,000
42	Стоки и услуги	37,837,067	31,535,244
45	Камати		
46	Субвенции и трансфери	13,288,000	12,633,104
47	Социјални бенефиции	200,000	137,390
48	Капитални расходи	64,246,026	53,602,879
	Вкупно :	**250,087,593**	**231,460,734**

Расходите по видови на основниот буџет се класифицираат на следниот начин:

	Расход	План	Реализација
40	Плати,наемини и надоместоци варботените	21,242,500	20,564,091
41	Резерви и недефинирани расходи	370,000	100,000
42	Стоки и услуги	25,789,000	20,479,241
45	Камати		
46	Субвенции и трансфери	12,600,000	11,945,104
47	Социјални бенефиции	200,000	137,390
48	Капитални расходи	54,441,211	44,989,204
	Вкупно :	**114,642,711**	**98,215,030**

Анализата на вкупните расходи за 2025 год. упатува на 93% реализација на Буџетот на општината во однос на планот за 2025 година.

-Остварувањето на расходите за вкупниот буџет за 2025 г. 231,460,734 ден. или околу 93% од планираниот буџет .(претходна година 95%)

Реализацијата на расходите во основен буџет изнесува 98,215,030 ден. и дотации 127,869,356 ден остварување,реализација на расходи на самофинансирачки активности изнесува 1,404,588 денари или реализација на расходи на вкупен буџет 231,460,734 ден.

2.3 БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Актива

Пасива

Обврска за придонеси и персонален данок за 12 м 2025г. на вработените во износ 1.302.170 денари.

Во билансот на состојба вкупно обврски во основниоит буџет имаме износ од 14.066.856 денари.

Вкупно основни средства набавна вредност 548.511.776 ден,исправка-отпис 114.797.358 ден, сегашна вредност 433.714.418 денари.(согласно попис и пописни листи за 2025 година. (прилог извештај за попис)

Ситен инвентар по извршен попис износ од 160.145 денари и 130,391 денари за потребите на ОЈП Јегуновце или вкупно 418.096 денари (и отпишан.)
Извршен е целосен отпис на ситен инвентар по пописна листа .

Во посебниот дел на завршната сметка кој е составен дел на Годишниот извештај Ви ги презентираме расходите по потпрограми кои се составен дел Завршната сметка за 2025 година на Општина Јегуновце.
Побарувањата и обврските се согласно спецификации печатени , приложени кон. Годишниот извешта и Завршната сметка. во билансот на состојба износ од 48,653,657(од кои побарување такса фирма фирмарина 9.264.587 ден. и данок на имот на правни лица 4.635.149 денари и побарувања по основ на закуп и надомест за користење на патишта,) и побарување од данок на имот од граѓани -физички лица 15.746.041 денари побарување од Министерство за транспорт изградба на улица во н,м, Жилче 791,935 ден.изградба на улица с.Шемшово 6,597,289 ден. и фекална канализација с.Ратае 5,714,656 од Министерство за животна срдина (средствата се на сметка 789 во вкупен износ 13,103,880 ден) приложени се спецификации на побарувања и обврски како дел од годишниот извештај и завршната сметка,

Салдо на 31.12.2025 год. на сметки - на основен буџет изнесува 7.241.270ден,салдо на сметка наменски дотации 63.235 денари,сметка самофинансирачки активности 128.988 денари и салдо на сметка на донации 1.158.053 денари.

Салдо на сметка 789 Општина Јегуновце за солидарност 913.982 денари, салдо на сметка 785 Ѣдонаторска Општина Јегуновце - набавка на трактор и приклучна механизација за зголемена чистота на јавните површини 1.070.000 денари.

Средствата односно салдото по завршна сметка на основен буџет на 31.12.2025 година ќе се користи строго наменски согласно донесениот буџет за 2026 г, и Одлуката за извршување (Изградба,реконструкција,одржување на улици, други објекти , расходи планирани со буџетот на општина Јегуновце за 2026 година, изградба,реконструкција на патишта и реконструкција на др.објекти реконструкција на инвестициони објекти и преостанати обврски (проекти за патишта пријавени договори по однос на кредитот кој ќе се реализираат во 2026 г.) по завршна сметка).

Салдото на сметка дотации и самофинансирачки активности ќе се користи наменски согласно донесениот буџет 2026 година.

Салдото односно средствата од 2025 година односно на 31.12.2025 год. ќе се пренесе во наредна година 2026 како вишок на приходи по завршна сметка и ќе се користат строго наменски како што е погоре наведено.

Салдото на сметка дотации, самофинансирачки активности и донации ќе се користи наменски за тековно одржување и инвестиции во 2026 година согласно донесениот буџет на општината,(ООУ и детска градинка),

Прилог; Завршна сметка биланс на приходи и биланс на расходи и посебен дел со програми.

Образложение кон завршна сметка за 2025 година

Спецификација за побарувања и обврски на опш.Јегуновце2025 година

Извештај од извршен попис на средства,ситен инвентар,и попис на благајна со состојба 31.12.2025 година во Општина Јегуновце.

Бр .05-504/4
13.03.2026 год.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска